македонски
центар за
фотографија
macedonian
centre for
photography

## КУРС ЗА СТУДИСКИ ПОРТРЕТ

| | |
|---|---|
| **Место:** | Македонски центар за фотографија |
| **Времетраење:** | 7. – 10. април 2011 (четврток – недела) |
| **Обучувач:** | Роберт Јанкулоски |
| **Цена:** | 6800 денари (во цената се вклучени 20 работни часа, трошоци за материјали и опрема за работа во студио, групна изложба) |
| **Услови за пријавување:** | Самостојно ракување со дигитален фото апарат |
| **Рок за пријавување:** | 6. април 2011 |
| **Контакт:** | Лидија Пајевиќ, 071 309 993 |

*Краток опис на курсот*

Курсот за студиски портрет има за цел да ги запознае слушателите со принципите на портретната фотографија од теоретски и практичен аспект. Акцентот ќе биде ставен на студиското осветлување, при што студентите ќе имаат можност да се запознаат со неговиот карактер преку работа со различни светлосни извори. Покрај техничкиот аспект на светлото, студентите ќе ги истражуваат и неговите креативни потенцијали при изработка на портрети. Останатите тематски целини се однесуваат на доловување на карактерот на портретираната личност и на компјутерска обработка на фотографии. Програмските содржини ќе им бидат пренесени на учесниците преку предавања, демонстрации и практични вежби. На крајот од курсот ќе се одржи изложба на најуспешните фотографии а секој учесник добива сертификат за успешно завршен курс.

*Кратка биографија за обучувачот*

Роберт Јанкулоски (роден 1969) има дипломирано на Факултетот за драмски уметности во Скопје (катедра за камера). Основач е на Македонскиот центар за фотографија. Предава фотографија на неколку програми во Македонија. Има одржано 23 самостојни изложби во Македонија, Франција, Бугарија, Австрија, Србија, Германија, Турција и Полска. Учествувал на многу групни изложби вклучувајќи ги Манифеста 1 – Европско биенале на современи уметности во Ротердам, 1996 и *Context Europe (Импулс од Балкан)* во Лион, 2003. Добитник е на повеќе награди за фотографија. Има работено како фотограф на долгометражни филмови и има снимено неколку документарни филмови.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

**07. 04. 2011** (четврток) **18:00 – 21:00** 3 часа

**Теоретски дел.** Историски развој на портретот. Анализа на ликовни дела од историјата на сликарството и фотографијата. Портретот во современата фотографија. Ликовни елементи во портретната фотографија. Психологија на портрет. Автопортретот како дел од портретната фотографија.

**08. 04. 2011** (петок) **18:00 – 22:00** 4 часа

**Практичен дел.** Основни елементи на современо фотографско студио. Светло и видови на светло. Основна светлосна позиција. Мерење на јачина на светлото и одредување на контраст на сцена. За осветлување се користи професионално флеш светло (Elinchrom) како и различни додатоци.

**09. 04. 2011** (сабота) **10:00 – 13:00** **18:00 – 22:00** 7 часа

**Практичен дел.** Самостојна работа, работа во групи. Фотографирање на модели. Слушателите самостојно создаваат светлосен амбиент со цел да го доловат карактерот на портретираната личност. Се снима со дигитални камери Canon 5D / Canon 5D Mark II.

**10. 04. 2011** (недела) **10:00 – 13:00** **18:00 – 21:00** 6 часа

**Практичен дел.** Анализа на снимениот материјал, обработка на фотографии во компјутер, избор на фотографии за изложбата која се организира по завршување на курсот. Можно е дополнително снимање во овој термин доколку се појави потреба за истото.

---

**Македонски центар за фотографија**
**ул. Железничка 18 (Мала станица)**
**Тел. 071 309993**
**e-mail. makcentarfoto@gmail.com**